РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 09 - 1677/1
29. 08 2022 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче на подрачјето на Општина Богданци бр.08-1629/15 од 22.08.2022 година („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 24/21), Градоначалникот на Општина Богданци, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВО СО ПРВАЧЕ**

Општина Богданци ќе обезбеди средства од Буџетот на Општина Богданци за 2022 година за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче на подрачјето на Општина Богданци за учебната 2022/23 година.

Вкупниот износ на парична помош изнесува 3.000,оо денари еднократно за секое запишано прваче во основните училишта во Општина Богданци во учебната 2022/23 година.

Право да поднесат барање за еднократна парична помош имаат семејствата на прваче и потребно е да ги приложат следните документи:

-Потврда за запишан ученик во прво одделение, издадена од основно училиште од територијата на Општина Богданци.
-Лични карти од родителите/старателите на првачето (копија).
-Трансакциска сметка на едниот родител/старател.

Барања да се достават во архивата на општина Богданци, на адреса: Општина Богданци ул.„Маршал Тито“ бр.62 Богданци од 01.09.2022 до 15.09.2022 година.

**Градоначалник**
**на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**